*Борче ИЛИЕВСКИ*

***УДК: 323.1(=163.3):32-05Грол, М."1940/1945"***
***323.1(=163.3):[329:321.7(497.1)"1940/1945"***
Изворен научен труд

# ПОЛИТИЧКИТЕ СТАВОВИ НА МИЛАН ГРОЛ И ДЕМОКРАТИТЕ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ 1940 – 1945 ГОДИНА

***Кратка содржина:***

*Во текстот се анализираат политичките ставови и погледите на Милан Грол како претседател на Демократската партија во периодот од 1940 година кога тој го презема водството на партијата, до 1945 кога поднесува оставка во Владата на ДФ Југославија и се повлекува од политичкит живот. Се проследуваат и иницијативите и размислувањата на Грол како министер во емигрантските влади во Лондон, како и на повеќе негови политички истомисленици, но и противници, за повоеното уредување на Југославија, за позициите на Србија, како и за статусот на Македонија во рамките на идната српска територијална единица. Од записите во дневникот воден во Лондон во периодот 1941 – 1945 година јасно се гледа неговиот став дека Македонија би можела да има само одреден самоуправен статус во рамките на Србија. Ваквата политичка определба Грол ја застапувал во континуитет од триесеттите години на XX век, сè до крајот на неговото активно политичко делување во 1945 година.*

**Клучни зборови:** *Милан Грол, Љубомир Давидовиќ, Демократска партија, Кралство Југославија, Македонија, Авнојска Југославија*

Милан Грол, долгогодишниот член на најтесното партиско раководство и идеолог на Демократската партија,[1] го презема нејзиното водство во февруари 1940 година, во еден исклучително сложен период за Кралството Југославија, на внатрешен и на надворешен план. Меѓународната позиција на државата се влошувала. Италија во април 1939 година ја окупирала Албанија. По присоединувањето на Австрија кон Германија, во март 1938 година, Југославија граничела со Рајхот, сè повеќе станувајќи економски зависна од Германија. Традиционалните југословенски сојузници, Франција и Велика Британија го губеле влијанието во регионот. Кнезот Павле[2] и Владко Мачек[3] ја сфатиле опасноста наметната од меѓународната криза. Првиот бил спремен на отстапки кон Хрватите, односно формирање хрватска територијална единица, додека Мачек прифатил дека решавањето на хрватското прашање треба да се бара во рамките на границите на Југославија. (Djokic, 2007: 190) На 26 август 1939 година била потпишана спогодбата Цветковиќ – Мачек, со која е формирана Бановина Хрватска.[4] Кралството Југославија без промена на Уставот од унитарна држава се преобразила во

[1] Југословенската демократската партија, позната само како Демократската партија била формирана во 1919 година. Демократите тесно соработувале со Народната радикална партија во донесувањето на првиот Устав на Кралството, успевајќи да ја остварат унитаристичко-централистичката концепција на државното уредување. Дел од водството на Демократската партија на почетокот на дваесеттите години било носител на централистичката концепција на државното уредување, неподготвено за компромис. Од 1922 година Љубомир Давидовиќ и неговите истомисленици и сопартијци, пред сè Милан Грол и Божидар Марковиќ започнале да го омекнуваат ставот во однос на хрватското прашање, а со тоа и кон тврдиот централизам и унитаризам, што ќе доведе до раскол во партијата. (Gligorijević, 1970: 29–56; Prpa, 2018: 186–189; Радојевић, 2019: 321–325)

[2] Павле Караѓорѓевиќ (1893 – 1976), по убиството на кралот Александар во 1934 година бил кнез намесник на Кралството Југославија. По воениот пуч од 27 март 1941 година живеел во емиграција.

[3] Владко Мачек (1879 – 1964), адвокат, политичар и претседател на Хрватската селанска партија од 1928 година. Еден од потписниците на спогодбата од 26 август 1939 година со која е создадена Бановина Хрватска. Починал во емиграција во САД.

[4] По неколкумесечни разговори на 26 август 1939 година била официјализирана спогодбата Цветковиќ – Мачек со формирање нова влада и прогласување на Бановина Хрватска. Дотогашниот премиер Драгиша Цветковиќ формирал нов кабинет. Претседателот на Хрватската селанска партија Владко Мачек бил избран за негов заменик. Бановина Хрватска била формирана со соединување на Савската и Приморската бановина, како и делови (окрузи) на соседните бановини, Зетска, Дунавска, Дринска и Врбаска каде Хрватите претставувале мнозинство. Седиштето на бановината било во Загреб. Бановина Хрватска имала целосна автономија во земјоделието, трговијата, индустријата, шумите, рударството, јавните работи, социјалната и здравствената политика, правдата, образованието и внатрешните работи. Надворешната политика и надворешната трговија останале во надлежност на владата во Белград. Иван Шубашиќ бил назначен за бан. (Boban 1965; 208–218; Константиновић 2023: 21–51)

федерација. Војната веќе половина година се водела на европско тло, додека во државата имало живи дискусии за преуредување на Југославија и формирање на Словеначка и Српска единица (бановина) по примерот на веќе оформената Бановина Хрватска.[5]

Со вакви предизвици се соочил Милан Грол, кога во февруари 1940 година по смртта на Љубомир Давидовиќ[6] бил избран за претседател на Демократската партија. Грол бил роден во 1876 година во Белград. Неговиот татко по потекло бил Германец од Бачка, а мајка му била Србинка. Во 1899 година дипломирал на историско-филолошкиот оддел на Великата школа во Белград, по што се вработил како гимназиски професор по француски јазик во својот роден град. Во 1900 година добил стипендија за стручно усовршување во Париз, каде останал две години. По враќањето во Србија работи како гимназиски професор. Во 1911 година бил поставен за управник на Народниот театар. На оваа должност останал до 1914 година, до избувнување на Првата светска војна. По повлекувањето на српската војска преку Албанија, бил испратен во Швајцарија каде заедно со својот подоцнежен соработник од Демократската партија Божидар Марковиќ, бил на чело на српското Прес биро во Женева. Во Србија се вратил во август 1919 година, по што веднаш бил поставен за управник на Народниот театар. На оваа должност останал до 1924 година. На изборите во 1925 и 1927 година бил избран за пратеник од листата на Демократската партија. (Радојевић, 2012: 7–17) Во 1928 година бил избран за министер за образование во коалиционите влади на радикалите, демократите и Словенечката народна партија. (Čulinović, 1961: 301) По прогласувањето на личниот режим на кралот Александар, заедно со Љубимир Давидовиќ заминува во опозиција.

---

[5] Професорот на Правниот факултет во Белград, близок соработник на кнезот Павле, министер во владата на Драгиша Цветковиќ и еден од творците на спогодбата Цветковиќ – Мачек,Михајло Константиновиќ, во својот дневник го забележал разговорот со претседателот на Српскиот културен клуб,професорот Слободан Јовановиќод 1 јануари 1940 година, во кој Јовановиќ навел: „...доколку се изврши оформување на српска единица, би се застанало на патот на автономистичките тенденции во покраините во српскиот дел (Македонија, Војводина, Црна Гора, Босна), Во Македонија (тој е називот српска Македонија) управниот апарат е лош. Македонците се сèповеќе резервирани бидејќи незнаат што ќе се случува“. (Константиновић, 2013: 91)

[6] Љубомир Давидовиќ (1863 – 1940) зазема мошне значајно место во историјата на Кралството Србија и Кралството СХС/Југославија во првата половина на XX век. Од 1912 година бил претседател н Независната радикална партија, а од 1919 претседател на Демократската партија. Во 1885 година дипломирал на природноматематичкиот отсек на Филозофскиот факултет при тогашната „Велика школа“ во Белград. По дипломирањето работел како гимназиски професор. Во текот на политичката кариера бил општински одборник претседател на белградската општина, пратеник, Претседател на собрание, министер, Претседател на влада. (Popović 2009: 37–52)

Раководството на Демократската партија по постигнувањето на спогодбата Цветковиќ – Мачек го напуштило предлогот за поделба на земјата на четири области: српска, хрватска и словенечка и Босна и Херцеговина како самостојна единица и преодна зона меѓу српската и хрватската бановина. (Radojević, 1994: 19–20, 36–37) Демократите го застапувале т.н. тријалистички концепт на уредување на државата. Според нивните согледувања, во рамките на српската единица Босна, Војводина и Македонија требало да добијат одреден самоуправен статус.[7] Демократите немале дилема дека Македонија со посебен самоуправен статус мора да биде дел од српската територијална единица. (Димић, 2001: 194–195) Од почетокот на 1940 година преуредувањето на државата било носечка политичка тема за Демократската партија. Во овој контекст е изјавата на Милан Грол на партиската конференција во Шабац кон средината на февруари 1940 година дека: „Кога веќе појдовме по тој пат, од дневен ред мора да се отстрани прашањето што е српско во оваа земја." (*Политика* 17.2.1940)

Во рамките на актуелната политичка ситуација, во контекст на прашањето на Грол „што е српско во оваа земја", неминовно на дневен ред кај демократите било и прашањето на Македонија. Една од првите активности на Грол како претседател на Демократската партија, само една седмица по неговиот избор за партиски претседател било прашањето за Македонија, односно Јужна Србија, термин кој вообичаено се употребувал во тогашниот јавен политички дискурс. Извршниот одбор на Демократската партија под претседателство на Милан Грол на 27 февруари 1940 година одржало состаник на кој се дискутирало за „дејствувањето на партијата на Југот."

Во партиското соопштение кое го објавува белградска *Политика* насловено „Извршниот одбор на Демократската партија за работата на партијата во Јужна Србија" најпрвин се нагласува улогата на скоро починатиот партиски претседател Љуба Давидовиќ „кој после разговорот со партиските претставници од Југот непосредно пред крајот на животот се подготвувал на пријателите од Југот да им го упати своето партиско писмо." Во продолжение на соопштението се нагласува: „Народот на Југот напатен од своето мрачно минато повеќе од останатите бараше правда, рамноправност и човечки збор. Тој народ од првиот момент почувствува дека токму тоа правдољубивоста и човечноста го чинат основното уверување кое нè собираше околу Љуба Давидовиќ. Тој народ приоѓаше кон Давидовиќ и

[7] По формирањето на Бановина Хрватска стравувајќи од понатамошни „автономистички тенденции", во областите кои биле означувани како српски национален простор, кај најголемиот дел од српското политичко и интелектуално водство се засилила акцијата за формирање посебна српска територијална единица, во која, освен дотогашната Дравска бановина, би биле опфатени сите територии кои не влегле во новоформираната Бановина Хрватска. Била изготвена и нацрт-уредба за „организација на српските земји" каде требало да влезат дотогашните Врбаска, Дринска, Дунавска, Моравска, Зетска и Вардарска бановина. Седиштето на оваа посебна територијална единица „на српските земји" било предвидено да биде во Скопје. (Boban 1965: 412).

партијата без двоумење и тоа не само оној дел од народот кој е наша крв, туку заедно со него и припадниците на верското муслиманско малцинство на Југот. Љубомир Давидовиќ и Демократската партија честопати не беа во состојба да го заштитат тој добар свет, да го заштитат од насилните претставници на режимот кои со својата ограниченост и теснградост и при самото споменување на македонското име за краиштата на Југот сакаа да видат подвојување и отуѓување.“ Во соопштението се зборува и за тогаш актуелното прашање на преуредување на државата потенцирајќи го токму писмото кон пријателите на Љ. Давидовиќ од јануари 1933 година во кое било нагласено дека: „на народот мора да му се обезбеди во сите природни единици право на самоуправа во водењето на локалните работи: администрацијата, стопанството, сообраќајот и социјалата.“ (*Политика* 19.2.1940)

Во партиското соопштение демократите по смртта на нивниот долгогодишен претседател Давидовиќ кој уживал авторитет во политичката јавност во Кралството несомнено, имале намера да ги задржат своите приврзаници во Македонија, на некој начин кокетирајќи со своите потенцијални гласачи во „Јужна Србија“. Посоченото соопштение на демократите остава и еден впечаток за нивно срамежливо прифаќање на општествената реалност во Македонија, односно прифаќање на постоењето на еден посебен идентитет кој сè уште бил во повој.

Речиси еден месец подоцна Милан Грол ќе зборува на партиската конференција во Скопје за тогаш актуелните политички прашања. Тој го повторил партискиот став дека прво преба да се реши прашањето на третата единица, односно формирање на српската територијална единица или бановина, а дури потоа да се оди на избори. „За демократијата е битно, на овој национален терен да се разјасни ситуацијата. Затоа и го објавивме барањето да се формира трета српска единица. Ние овој договор (Цветковиќ – Мачек), не го потпишавме, ниту ќе го потпишеме, но тоа не значи дека сакаме да го поништиме. ...Прашањето на третата единица треба да се реши, да се знае на што сме, а потоа да се оди на избори“. Веднаш потоа на комеморацијата која била одржана во чест на Љ. Давидивиќ, Грол на некој начин ги дефинирал границите на спомената српска територијална единица и нераскинливата врска на линијата Вардар – Морава – Дунав за која зборува уште од крајот на дваесеттите години. „Јас можам да употребам неколку имиња за означување на овој крај. За мене е апсолутно исто кога ќе кажам нашиот Југ, Јужна Србија, или старото предвоено име Стара Србија. Ние демократите во сите тие имиња ја гледаме само нивната содржина, а тоа е народот. Како и да се нарекува некој на двата брега на Вардар, луѓето, имињата и програмите минуваат, а Вардар ќе продолжи и понатаму да тече по истиот свој ток, ист ќе остане токот на сите стопански, сообраќајни, односно на сите животни услови, кои ја определуваат неделивата врска на Вардар, со Морава и Дунав. (*Време* 25.3.1940)

Дописникот на Централното прес биро при Министерскиот совет од Скопје ја информирал централата во Белград за посетата на Милан Грол

и неговите соработници на Скопје, за одржаната комеморација на 24 март 1940 година, во чест на Љубомир Давидивиќ и за партиската конференција на демократите. Според овој извештај, кој е многу подетален и посодржаен од објавените новински извештаи во дневните весници, комеморацијата ја отворил Михајло Кујунџиќ претседател на одборот на Демократската партија за Вардарската бановина, кој го критикувал договорот Цветковиќ – Мачек и формирањето на Бановина Хрватска. Потоа збор земал Милан Грол и во своето долго излагање истакнал: „Изборната грозница ги натера политичарите овие денови да појдат на југ, со различни пароли. Ние знаеме да полемизираме за најразлични прашања, но никако за прашањата кои се од животен интерес за државата. За преобразбата на југот не се доволни пароли, ниту пак, е доволно да признаеме едно име за овој крај: Македонија. Нам името не ни прави ништо. Проблемот со името Македонија е сложен. Овој крај со векови имал тешка судбина.  Денес ние треба да му покажеме отворено срце, да го помогнеме, за и тој исто така да го отвори своето срце и братски да ни пријде. Љуба Давидовиќ можеше тоа да го направи. Единствено тој можеше овде да разговара со малите луѓе. Сите политички партии досега имаа програми кои останаа само празни зборови, додека остварување на граѓански права сè уште не сме виделе. Овде на југот дваесет години само се администрира, а речиси ништо не е направено за неговиот економски и културен напредок. Доколку Јужна Србија и Македонија го прифатат нашето тежнение за обединување на демократските сили, тогаш и ним ќе им биде добро.“ Грол во своето обраќање остро се изјаснил и против владејачката Југословенската радикална заедница.

Истиот ден во Скопје Демократската партија одржала конференција во присуство на делегати од повеќе околии од Вардарската бановина. На конференцијата Грол пред околу 600 присутни привврзаници на Демократската партија ги изнел партиските ставови за формирањето на Бановина Хрватска. „Ние имавме мака додека ги убедивме Хрватите дека без народно демократско владеење, во оваа земја не може да биде добро. Ние бевме на став дека најпрвин треба да воспоставиме демократија,  а потоа да се решава хрватското прашање. Меѓутоа, како што видовме, тие тоа го направија спротивно. На 26 август на некој начин беше решено хрватското прашање, но прашањето на демократијата не е решено. Нашиот основен приговор на договорот од 26 август, се однесува на фактот што до него не дојде врз основа на волјата на народот. Целиот договор е на една лажна основа, бидејќи во владата останаа и договорот го спроведуваат многумина од оние кои нас нè нарекуваа државни предавници, пред 11 декември,[8] односно во периодот кога ние се боревме за ваков договор. Вие знаете дека прашањето на договорот е завршено кабинетски и никој не е прашан, иако

[8] Се однесува на последните парламентарни избори  во Кралството Југославија, кои биле одржани на 11 декември 1938 година. На изборите победила владејачката Југословенска радикална заедница, иако значителен број гласови имала и Здружената опозиција чии составен дел била и Демократската партија.

овој договор се однесува на 16 милиони луѓе. При подготовката на договорот не се размислувало федералните единици да се образуваат врз основа на народните потреби, стопанските можности и културните и сообраќајни прилики. ...Преуредувањето на оваа земја започна на еден несреќен начин, со формално разграничување на териториите, а нашите народни маси со векови се вкрстени на одредени територии и не можат сега да се издвојуваат во поединечни географски целини.“ При крајот на говорот Грол навел дека териториите кои ќе останат надвор од хрватската и словенечката бановина, треба да бидат дел од една српска единица. На крајот од конференцијата зборувал Михајло Кујунџиќ. Според деталниот извештај на дописникот на Централното пресбиро, тој „во говорот го прикажал развојот на Демократската партија на Југот, залагајќи се за употреба на името Македонија наместо Јужна Србија“.[9]

Меѓутоа, меѓународната состојба и војната во соседството ќе го натера државниот врв на Кралството Југославија да го остави по страна државното преуредување и да се насочи на притисоците за пристапување кон Тројниот пакт. Југославија ги прифатила условите на силите на Оската на 25 март 1941 година. Против пактот бил значаен дел од српското јавно мнение, војската, Српската православна црква и најголем дел од водствата на српските политички партии, кои биле антигермански настроени. (Hadži Jovančić, 2022: 179–190) По извршениот воен удар на 27 март 1941 година, била формирана нова влада предводена од генералот Душан Симовиќ. Милан Грол после 12 години во опозиција станува член на пучистичката влада како министер за социјална политика и народно здравје. (Čulinović, 1961: 309) Во тоа својство заминува од земјата. Заедно со другите членови на владата и кралот ја напуштил Југославија и преку Грција, Египет и Ерусалим, во летото 1941 година се стационирале во Британија. Во Лондон бил министер во емигрантските влади од 1941 до 1943 година, предводени од Слободан Јовановиќ и Милош Трифуновиќ. (Радојевић, 2014: 194)

**Политичките размислувања во емиграција**

Уште во својот прв запис во *Лондонскиот дневник* насловен балканско прашање, Милан Грол во еден поширок контекст го разгледува и прашањето на Македонија од аспект на идна поширока балканска заедница во која би била вклучена и Бугарија. Во подолгиот текст Грол ќе наведе: „... на Конгресот на Словените во Москва, сè до денес не беше пропагирана идејата на панславизмот, во кој било облик. Но, сега бучно се манифестира солидарноста на Словените и идејата за заедница на словенските народи на Балканот, *Црногорци, Македонци*“ (подвлечено во оригиналот). Во продолжение Грол го бележи своето размислување при што јасно одредува дека Македонија претставува витален интерес за Србија. „Работите треба

[9] Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ) 1.1042.2.111/264–269.

да се постават во еден ред. Тој ред е залагањето за Балканска заедница. Во неа природно се наоѓа и Бугарија. Таа широка заедница не ја исклучува можноста за тесно поврзување со Бугарите, доколку расположението, меѓусебната доверба и околностите се движат во тој правец. Тие што на бугарска страна искрено сакаат зближување и заедница со нас, како што тоа го сака осведочениот заробенник на таа идеја, Димитров,[10] мора да ги разберат нашите гледишта и положбата во која се наоаѓме. Во разговорите со нив и со другите пријатели, треба да се одбие вклучувањето на Македонија во дискусијата. Како ќе се уредуваат одредени самоуправни краишта во српската единица во Југославија, тоа останува внатрешно прашање. Не може никој да се нарече пријател на Србите, доколку не разбере дека Србите во тоа прашање гледаат едно свое природно право и еден свој витален интерес". (Grol, 1990: 10–11)

Дискусиите во Југославија водени пред почетокот на Втората светска војна околу уредувањето на државата, федерализацијата, бројот на федералните единици и нивниот територијален опфат продолжиле и во Лондон. Во контекст на ваквите дискусии Грол во своите политички размислувања за идното уредување или преуредување на државата особено обрнувал внимание на Војводина и Македонија како „периферни краеви", но исклучително важни за српските интереси. Во дискусија со Милан Гавриловиќ[11] водена на 28 февруари 1942 година во која разговарале за ставовите на хрватските политичари во Лондон, Гавриловиќ искажал загриженост за нивната тенденција за создавање на „Голема Хрватска". Грол одговорил: „Ништо нема да добиеме доколку сега го поставиме прашањето за нашата територијална програма. Јас бев тој што пред повеќе од две години ја издигнав паролата за српска единица. Но денес, во оваа ситуација, отворањето на ова прашање би им дало ним (на Хрватите) изговор за нивните дејствија и би ги легализирало. И едните и другите би се компромитирале пред Англичаните. Со тоа ние ништо не би добиле за себе. Нашиот српски интерес е зачувување до последен здив, на интегритетот на целината и залагање за неа. Само со авторитетот на целината од 16 милиони луѓе можеме да ги одбраниме нашите периферни краеви Војводина и Македонија. Ние немаме право да го шириме мандатот со кој излеговме од земјата. На народот ќе му ја предадеме грижата за интегрална Југославија, па тој нека,

---

[10] Се однесува на Георги Михов Димитров – Гемето од Бугарскиот земјоделски народен сојуз.

[11] Милан Гавриловиќ (1882 – 1976), адвокат, дипломат и политичар. Докторирал правни науки на Сорбона во 1910 година и стапил во дипломатската служба. Учествувал и во четничките акции во Македонија. Во дипломатската служба делувал во Лондон, Атина, Берлин, Париз, Рим и на Крф. Еден од основачите на Сојузот на земјоделци, по смртта на Јован Јовановиќ Пижон, претседател на партијата. Прв амбасадор на Југославија во Советскиот Сојуз. Член на емигрантските влади на Слободан Јовановиќ и Милош Трифуновиќ. По 1945 година бил еден од водачите на српската политичка емиграција во В Британија и САД.

одлучи како сака во иднина. (Grol, 1990: 117) Слични ставови Грол изнел и во дискусијата која ја води со Милош Трифуновиќ[12] август 1942 година, нагласувајќи дека по секоја цена мора да се зачува државниот интегритет на Југославија. На дилемите и претпоставките на Трифуновиќ дали српскиот народ ќе сака да остане во заедничка држава со Хрватите, Грол возвратил со истите аргументи и ставови кои ги искажувал повеќе пати во претходниот период. „Јас не претпоставувам и особено не прејудицирам со своите сомнежи и однесување, туку сакам да му го предадам мандатот од 27 март на народот, недопрен и некомпромитиран. Потоа му нагласувам за потребата од некаква заедница, во границите кои веќе ги држиме и со кои единствено можеме да ги одбраниме периферните краеви Војводина и Македонија, или пак, да одиме во некоја нова авантура со Бугарите". (Grol, 1990: 257)

Несомнено, Грол, како и бројни други српски граѓански политичари на Бугарија, гледале како на соперник и конкурент во однос на Македонија и на нејзината „органска" поврзаност со Србија. Милан Грол ваквите свои политички погледи ги искажал и во разговорот со советскиот дипломат Виков воден во средината на декември 1942 година. Дискутирале за Албанија, Грција, Бугарија и за Македонија. Грол во разговорот повторувајќи ги своите политички погледи за иднината на преуредената Југославија забележал: „За Македонија особено нагласив: Не е во прашање победата на нечие уверение, ниту амбицијата на секоја област да има нешто свое во идната преуредена Југославија. Но, тоа не може да го доведе во прашање припаѓањето на таа област во Југославија, со која таа е во органска поврзаност. Србите три пати гинеле за неа. Не би го правеле тоа доколку инстинктивно не чувствувале дека без неа не можат. Бугарите во 1917 година пушуваа дека за нив Добруџа е економско прашање, излезот на Егејското Море (Тракија), прашање на бели дробови, прашање на поврзување со светот, а Македонија сентиментално прашање. За Србите тоа е *витално* (подвлечено во оригинал) прашање. Тука се и сентиментите, но тука пред сè е прашањето на белите дробови." Грол ја завршил мислата со констатацијата дека: „Помеѓу Македонија и Бугарија нема ништо што органски би ги поврзало, додека со Југославија има сè". (Grol, 1990: 247)

Како минувало времето и како на теренот се засилувало народноослободителното движење, кај емигрантската влада се интензивирале дискусиите за федеративното уредување на Југославија. На 7 мај 1943 година, Грол во својот дневник ќе запише: „Слободан[13] инсистира за прецизен број

[12]Милош Трифуновиќ (1871 – 1957) еден од водачите на Народната радикална партија. Заедно со партискиот претседател Аца Станојевиќ биле во опозиција на Шестојануарскиот режим. Бил претседател на емигрантската влада во Лондон во 1943 година.

[13]Слободан Јовановиќ (1869 – 1958), правник, историчар, професор и ректор на Универзитетот во Белград. Еден од водечките српски интелектуалци, иако активно не учествувал во политичкиот живот сè до 1941 година. Бил претседател

– *три* единици... Тој секогаш мисли на некои ситни моменти, а ја губи од вид целината. Сега да се каже непомирливо *три,* тоа значи да се засили пропагандата, за Македонија надвор од Југославија. Бидејќи во една или друга рамка, таа ќе добие заштитници за нејзиниот федеративен статус. Доколку не се подигне узбуна, работата би можела да се реши со нејзина самоуправа во децентрализираната српска единица. Но денес да се гребе по таа тема е опасно." (Grol, 1990: 336)

Веројатно реалноста на теренот во окупирана Југославија ги принудило и емигрантските министри реалполитички да размислуваат. На 23 април 1944 година Грол и Божидар Влајиќ[14] во меѓусебен разговор констатирале дека националниот тријализам Срби, Хрвати, Словенци веќе не е реален. „Босанските мухамеданци, Турците во Македонија и муслимански Арбанаси ги има повеќе од Словенците. Со терминот *малцински* (подвлечено во оригиналот) не може веќе да се оперира на ист начин. Македонскиот проблем исто така не може веќе да биде опфатен во постојните рамки на тријализмот". За Грол не биле прифатливи одлуките на АВНОЈ. Тој во една дискусија кон крајот на април 1944 година истакнал дека: „...одлуките од Бихаќ и Јајце не може да се прифатат како политичка база. Тие одлуки никој не мисли да ги земе како некаква основа, но сепак мора да се смета на нив како елементи во Уставот." (Grol, 1990: 553) Ваквите политички ставови во однос на Македонија, Милан Грол ги забележува во својот дневник и по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, односно по конституирањето на федерална Македонија. Во септември 1944 година, Грол ќе запише: „...не смее да има пресекување на органскиот живот на покраините, со граници, од што особено се плашат Србите, односно мора да има една непречена сообраќајна врска меѓу Србија и Македонија, без која не може да се замисли развој ниту на едната, ниту на другата област во долината на Морава и Вардар." Во контекст на одлуките на АВНОЈ, Грол потенцирал дека во однос на прашањето на федерацијата, мора да се нагласи дека

---

на Српскиот културен клуб. Бил потпретседател во владата на генералот Симовиќ. Од јануари 1942 до јуни 1943 бил претседател во две емигрнтски влади во Лондон. Во 1946 година осуден на 20 години затвор во отсуство. Починал во емиграција во Лондон.

[14]Божидар Влајиќ (1888 – 1974) адвокат, публицист и политичар. За време на Првата светска војна работел во централното прес било при Врховната команда и како преведувач во една француска бригада во Солун. Во меѓувоениот период објавувал низа текстови за југословенската внатрешна политика. Бил истакнат член на раководството на Демократската партија и шеф на кабинет на Љуба Давидовиќ за време на неговиот краток премиерски мандат во 1924 година. Бил секретар на Главниот одбор на Демократската партија во периодот 1925 – 1929 година. На изборите 1927 година бил избран за пратеник. За време на Втората светска војна бил министер за Социјална политика и народно здравје во владата на Милош Трифуновиќ. По војната останал во емиграција. Починал во Лондон.

програмата од Јајце е само програма, додека реализацијата е во рацете на народот и Уставот.[15]

На крајот на 1944 година кога веќе станувало јасно дека одлуките на АВНОЈ не се само идеја и програма, Грол во повеќе разговори ја истакнува својата непомирливост со федералниот статус на Македонија во Југославија „кој тешко ги погодува Србите." Тој смета дека „нема почувствително прашање од издвојувањето на Македонија од Србија". Неговите ставови во поглед на Македонија воопшто не се промениле во однос на периодот пред 1941 година, кога се размислувало за некаква самоуправа на Македонија, но во рамките на српската единица, во преуреденото југословенска кралство. Речиси на крајот на војната во Лондон Грол пишува дека самоуправата за Македонија е основана, но не и „федерација, односно политичко-националниот индивидуалитет". (Grol, 1990: 654)

Во најтесното раководство на демократите владеело големо незадоволство од новото уредување на Југославија кое било изедначувано со пораз на Србија. Михајло Константиновиќ[16] во својот дневник го бележи разговорот воден на почетокот на ноември 1944 година со долгогодишниот член на најтесното политичко раководство на Демократската партија, Божидар Влајиќ и близок партиски идеолошки соработник на Милан Грол. Меѓу другото Константиновиќ наведува: „Србите според него ја изгубија војната, јас се изненадив и покажав израз на тоа изненадување. Тој инсистираше. Му беше безмалку криво како јас тоа не го разбирам. Србите ја изгубија војната! Бидејќи сега се решаваат работи кои можат да бидат дефинитивни (конечни)! На пример, Македонија! Ние ќе ја изгубиме дефинитивно". (Константиновић, 2023: 467).

## Потпретседател на Привремената влада на ДФ Југославија

Во време кога дел од блиските политички соработници на Милан Грол, мислеле дека сè е изгубено, тој кон крајот на 1944 година донел одлука да се врати во Југославија. Покрај меѓусебната недоверба, развојот на

[15] Во овој контекст бил и разговорот со Иван Шубашиќ од од 4 октомври 1944 година. Во дневникот Грол наведува дека во однос на федерацијата Шубашиќ бил за три единици, на што Грол возвратил: „Нема причини да се возбудуваме и за четири (Босна), но во овие ретки прилики да продолжи со залагањето за Истра, а ние Србите мораме до крај да се залагаме за непрекинување на врската со Македонија. Не може да ѝ биде ускратена самоуправа, но федералната положба би ја отежнало органската врска на неделивата долина Морава – Вардар". Својата мисла Грол ќе ја заврши со констатацијата: „Шубашиќ божем го разбира тоа." (Grol 1990: 641–646).

[16] Михајло Константиновиќ (1897 – 1982), професор на Правниот факултет во Белград, еден од авторите на спогодбата Цветковиќ – Мачек, министер во владите на Д. Цветковиќ. По потпишувањето ан Тројниот пакт дава оставка. За време на војната престојува во Египет, Палестина, Турција и В Британија. Во Југославија се враќа 1945 година.

политичките околности на почетокот на 1945 година, налагале меѓусебна соработка меѓу комунистичкото раководство и Грол, како еден од најзначајните граѓански политичари од предвоениот период.

На новите власти заради внатрешни, но и меѓународни причини им била потребна соработка со претставници на граѓанските партии. Мира Радојевиќ констатира дека Грол во тој поглед бил еден од ретките граѓански политичари против кого не можело да се најдат многу приговори. „Неговото политичко минато било речиси беспрекорно. Јавноста го познавала како голем борец за демократија, непоколеблив во одбрана на југословенската држава, еден од првите политичари од Србија кои прифатиле федерално преуредување на југословенската монархија, лично и политички некомпромитиран наследник на Љуба Давидовиќ, истакнат културен и јавен работник. Освен тоа се знаело и за неговите републикански склоности и поддржување на идејата за социјална правда." (Радојевић, 2014: 272, 280). На 7 март 1945 година била оформена Привремената народна влада на ДФ Југославија предводена од Јосип Броз Тито. Едвард Кардељ и Милан Грол биле избрани за потпретседатели.

Иако на висока политичка функција, Грол немал суштинска контрола врз процесите, особено не врз „революционерната правда" која ја спроведувала новата власт. Соочен со новите политички околности само два месеци по изборот за потпретседател на Владата, тој на дипломат од британската амбасада во Белград му изјавил дека во Југославија владее режим на терор во кој не постои законитост и неприкосновеност на приватниот живот и имот, а со судовите управуваат луѓе кои за таа работа се квалификувани единствено заради нивната верност кон партиската линија. (Радојевић, 2014: 297).

Со свои идеолошки истомисленици и политичари од меѓувоениот период бил против предложениот закон за аграрна реформа и колонизација. Инсистирал верските заедници да добијат обесштетување за дел од одземената земја. Критички се изјаснил за предлог-законите за избирачки списоци. Особено бил против дел од одредбите на предложениот закон за кривичните дела против народот и државата, за што бил критикуван од Кардељ и Ѓилас. (Petranović, Zečević, 1988: 762–766) Посочените, но и други бројни несогласувања на Грол со политиката на Владата, биле причина по само пет месеци на 18 август 1945 година, да поднесе оставка на местото потпретседател. Ова ќе биде една од причините безбедносните служби постојано да ги следат водечките личности од опозицијата, вклучително и раководството на демократите, со цел да ги дискредитираат. (Pavlović, 2011: 17–19)

Демократската партија преминала во отворена опозиција, донела одлука да не учествува на парламентарните избори и започнала со објавување на партиското гласило *Демократија*.[17] Во првиот број Грол уште ед-

[17] Весникот „Демократија" излегувал во периодот од 27 септември до 8 ноември

наш се осврнал на стаусот на Македонија, во основа повторувајќи ги своите многупати искажани ставови за нејзиниот политички статус во Југославија. „Интересна е темата за федералната единица Македонија. За нејзина самоуправа ние демократите се залагавме и при посланието на Давидовиќ во 1932 година, додека од 1938 година изречно се изјаснивме за нејзин автономен живот, т.е. уредување кое би ги задоволило барањата на народот, своите најзначајни прашања да ги решава сам, со непосредно учество во јавните работи и преку луѓе избрани првенствено од својата средина. Федералната рамка во современите федерации не оди многу подалеку. Подалеку од тоа што денес се манифестира со македонскиот јазик и македонската народност. Посебноста на етнички сложеното словенско население во Македонија повеќе се однесува на карактерот, менталитетот, економскиот и социјалниот животен стандард, отколку на карактеристики на посебна нација. Но, далеку од тоа дека на тој народ му го оспоруваме правото да го манифестира тоа што го чувствува и што сака да биде. Тоа е прашањето на народноста и јазикот. Дали од неколку наречја, ќе се дојде до јазик... тоа е прашање кое нема да биде решено со некој законски параграф. Парадоксално е што српските и бугарските шовинистички тенденции, се сузбиваат со вештачко оградување на еден крај, кој не може да има напредок без едно широко културно движење – оградување кое исто така има тенденција на еден ситен локален шовинизам – кој за среќа е неизводлив... И заради тоа од наша страна се има на ум и се подвлекува неделивоста на линијата Морава – Вардар. За федералната положба на Македонија ние судиме само врз основа на тие животни интереси, на стопанството, културата, динамиката на моралните и материјалните вредности и се разбира, на националните, во поширока смисла. Недоумиците кои денес се јавуваат се производ на тенденциите на исклучивост строго во федералните рамки на Македонија, на една културна самодоволност, неприродна, несовремена, која на народот во Повардарието не му обезбедува услови за животен напредок, додека на народот на оваа страна во Поморавјето му внесува вознемиреност, тенденција на ново ограничување на природниот развој, не само на националниот, туку и на општиот животен развој.“ (*Демократија*, 27 септември 1945)

Набргу по оставката на Грол, односно по преминувањето на Демократската партија во опозиција и нејзината одлука да не учествува на собраниските избори, започнале отворени напади од највисоко ниво. Партискиот идеолог Милован Ѓилас, во весникот *Борба,* гласило на Комунистичката партија, на 22 август 1945 година во текст насловен: *Значењето на*

1945 година. Тоа бил неделник на Демократската партија. Содрински весникот бил остро критички настроен кон злоупотребите на власта, изборното законодавство и изборните услови. Во текстовите се инсистирало на зачувување на политичките и граѓанските слободи. Добар дел од текстовите биле пишувани од Милан Грол. Властите постојано го напаѓале весникот дека е предавнички и дека служи на странски интереси. (cf. Cvetković 2020: 159–164).

*новите политички закони и намерите на реакцијата* ќе го насочи нападот кон Милан Грол, посредно критикувајќи го и за излегувањето од Владата: „...малиот конфузен политичар, конзервативен интелектуалец, по потекло Германец, по култура Французин, а по политичка определба Големосрбин. Фразер за демократијата, кој никогаш не умеел да ја сфати големината на збиднувањата меѓу нашите народи и кој целиот свој век го поминал во јалово надмудрување... Грол кога ништо сериозно не можеше да постигне во владата, отиде во опозиција. Но, неговата сила е премала, а во нова Југославија не е доволно за успех да се има поддршка од страна". (*Борба*, 22 август 1945; Koštunica, Čavoški, 1987: 18),.

По еден месец Ѓилас повторно во *Борба* ќе се осврне на делувањето на опозицијата и Грол. Во текстот *Дволичното делување на опозицијата* ќе го нападне Милан Грол и неговата политичка определба, поистоветувајќи го со Михајловиќ, Недиќ и Љотиќ: „Зад опозицијата се кријат чудовишни предавници и злосторства. Зад интелектуалната глава на Милан Грол ѕирка Дража Михајловиќ, идеолозите на Љотиќ и Недиќ, кои чекаат спас од Гроловата демократија. Зад опозицијата се кријат уништените усташи на Павелиќ и домобраните на Мачек – Павелиќ. Зад неа стои срамната Бела гарда на Рупник. (*Борба*, 22 септември 1945) На ваквите пишувања во истото партиско гласило наредниот ден се огласил и надоврзал Лазар Колишевски, претседателот на Владата на Македонија, кој пишувајќи за „Македонскиот народ и изборите за уставотворното собрание" во текстот го апострофира и Грол и граѓанските партии. „На нашиот народ му се омразени дури и имињата на некогашните наметнати граѓански партии за време на диктатурата на кралот Александар и неговите поддржувачи Петар Живковиќ, Богољуб Јевтиќ, Стојадиновиќ и сите останати. Македонија особено за време на изборите беше арена во која народот крвареше додека организаторите на тие колежи беа покрај Пера Живковиќ, Жика Лазиќ и други претечи на денешниот лажен демократ Грол, заедно со сите негови содружници, почнувајќи од околиските началници, општинските претседатели и даночници, па сè до олошот од редовите на народните предавници". (*Борба*, 23 септември 1945)

Со ваквите напади и политичка пресметка Милан Грол бил ставен на списокот на народните непријатели на новата власт. Весникот *Демократија* во ноември 1945 година бил забранет, а со оставката и повлекувањето на Милан Грол од политичкиот живот полека замрела и критиката на новиот режим, што всушност била и целта на новите комунистички власти, да го уништат повеќепартискиот живот и опозицијата. Милан Грол починал во еден вид политичка изолација во Белград во 1952 година.

**Заклучок**

Демократската партија во политичките расправи околу преуредувањето на Кралството Југославија водени во текот на триесеттите и почетокот на четириесеттите години имала непроменет став кон Македонија. Милан Грол и членовите на раководството на Демократската партија сметале дека Македонија може да има одреден самоуправен статус во рамките на српската политичка единица во Кралството Југославија. Грол повеќе пати ја истакнувал нераскинсливата врска на линијата Вардар – Морава – Дунав како 'рбет на српскиот национален организам. Ваквите негови ставови нема да бидат променети и во сосема новите политички околности во 1944/45 година.

Милан Грол од своите современици, но и политички противници како што бил Драгољуб Јовановиќ бил оквалификуван како песимист, критичар и секогаш незадоволен, скептик, но и како конзервативен демократ од строго граѓански тип. Заради ваквата конзервативност и залагање за граѓанска демократија соработката на Грол со комунистичката власт ќе биде сосема кратка. Тој и Демократската партија ќе бидат изложени на бројни критики од идеолозите на новата власт, што ќе доведе до оставка на Грол од местото потпретседател на Владата и нивно неучество на изборите. Непосредно пред одржувањето на изборите во ноември 1945 година бил забранет единствениот опозиционен весник *Демократија* со што во јавната сфера била оневозможена јавната критика на власта, но и опозиционото делување.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ), фонд 1042 Претседателство на Министерскиот совет – Централното Пресбиро
- Boban, Ljubo. (1965). *Sporazum Cvetković - Maček*. Beograd: Institut društvenih nauka.
- Gligorijević, Branislav. (1970). *Demokratska stranka i politički odnosi u Kraljevini Srba Hrvata i Slovenaca*. Beograd: Institut za savremenu istoriju.
- Grol Milan (1990). *Londonski Dnevnik 1941 – 1945*. Beograd: Filip Višnjić.
- Димић, Љубодраг. (2001). *Историја српске државности књига III Србија у Југославији*. Нови Сад. САНУ.
- Djokić, Dejan. (2007). *Elusive Compromise Yugoslavia in the Interwar Period.* London: HURST & CO.
- Константиновић, Михајло. (2023). *Политика Споразума Дневничке белешке 1939 – 1941 Дневничке белешке 1944 – 1945.* Београд: Правни факултет Универзитета у Београду.
- Koštunica, Vojislav. Čavoški Kosta. (1987). "Stranački pluralizam ili monizam Društveni pokreti i politički sistem u Jugoslaviji", *Tribuna XXXVII*. 2–48. Ljubljana.
- Pavlović, Momčilo. (2011). "Zatiranje političkog pluralizma u Srbiji 1945 – 1948". *Istorija 20 veka 3*. 9–24. Beograd.
- Petranović, Branko. Zečević, Momčilo. (1988). *Jugoslavija 1918 – 1988 Tematska zbirka dokumenata*. Beograd: Rad.
- Popović, A Nebojša. (2009). "Ljubomir M Davidivić – Uvod u biografiju", *Istorija 20 veka* 2. 37–52. Beograd.
- Prpa, Branka. (2018). *Srpski intelektualci i Jugoslavija 1918 – 1929*. Beograd: CLIO.
- Радојевић, Мира. (2019). *Српски народ и Југославенска краљевина 1918 – 1941 први том од југословенске идеје до југословенске државе*. Београд: Српска књижевна задруга.
- Радојевић, Мира. (2014). *Милан Грол*. Београд: Филип Вишњић.
- Radojević, Mira. (1994). "Bosna i Hercegovina u raspravama o državnom uređenju Kraljevine (SHS) Jugoslavije 1918 – 1941", *Istorija 20 veka* 1. 7–41. Beograd.
- Hadži Jovančić, Jovica. (2022). *Treći Rajh i Jugoslavija Ekonomija straha 1933 – 1941*. Beograd: Društvo za urbanu istoriju.

- Cvetković, Srđan. (2020). “Proces zatiranja parlamentarizma u Srbiji i oblici pritisaka na opoziciju uoči izbora 11 novembra 1945”, *Istorija 20 veka 2*. 151–172. Beograd.
- Ćulinović, Ferdo. (1961). *Jugoslavija između dva rata II*. Zagreb: JAZU.
- *Политика* (1940)
- *Време* (1940)
- *Борба* (1945)
- *Демократија* (1945)